**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа по 69-та на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубиша Георгиевски, Љубисав Иванов Ѕинго, Бесим Догани, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи Илинка Митрева, Тале Герамитчиоски, Весна Бендевска, Благој Зашов, Абдулади Вејсели, Фијат Цаноски, Весна Јаневска, Данаил Дончев, и Марјан Додовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Прво, јас би замолила бидејки се работи за многу суштински измени во законот за заштита на културното наследство, а знаеме од какво непроценливо значење за Република Македонија за минатото, сегашноста и иднината е токму овој закон и очекувам прво да слушнеме, без разлика што сум пријавена, јас ќе почекам до колку можеме да слушнеме некое образложение околу самиот закон од претставниците, предлагачите на овој закон.

Значи, би му дала предност на претставникот на Владата.

**Иван Анастасовски:** Почитувана колешке.

Јас го читам она што го гледам на екранот. На екранот бевте вие и колешката Цветковска Благородна. Министерот за култура не беше пријавен. Јас сум должен да го прочитам тоа што го гледамна екранот и затоа ве прочитав. Сега во моментот се јави минситерот за култура и претпоставувам дека ќе земе збор.

Има збор министерот за култура.

Ве молам колешката Роза да ја вратите на дисплејот.

Повелете почитуван министре.

**Арификмет Џемаили:** Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство со Предлог на закон е со цел со Законот за заштита на културното наследство, донесен во месец март 2004 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04) да создаде единствена, заокружена и поврзана правна рамка на системот на заштита на културното наследство, во која се содржани голем број на нови нормативни решенија усогласени со меѓународните претектолошки стандарди.

1. Со измените на Законот се предефинираа кинотечните добра" како аудиовизуелни добра, а кинотечната дејност се преименува во дејност за заштита на аудиовизуелните добра. Заштитата на аудиовизуелните добра и понатаму ќе ја врши Националната установа-Кинотека на Република Македонија. Странските компаративни искуства и прописи укажуваат дека во европските законодавства се востанови нов вид на движно културно наследство, аудиовизуелни добра кои во својата дефиниција, покрај кинотечните добра содржат и некои нови видови на добра, настанати како резултат на забрзаниот развој на техниката и технологијата во оваа сфера.

Преименувањето на кинотечните добра во аудиовизуелни добра е резултат на развојот на новите медиуми и техниките на продукција и соодветниот заштитен третман, заради што и најчесто овие добра заеднички се прибираат, чуваат, заштитуваат и презентираат во специјализирани институции. (Член 1, Член 2, Член 4, Член 27 и Член 28).

2. Измените во Законот во делот на археолошките истражувања се во функција на поедноставување на постапката и условите за реализација на археолошките истражувања, кои и понатаму остануваат под режим на дозвола што ја издава Управата за заштита на културното наследство.

Со измените се овозможува главниот субјект во програмираните археолошки истражувања да стане стручно лице со статус на стручен раководител за археолошки истражувања, со нагласени права, должности и одговорности при вршењето на истражувањата.

Со Законот се се прави дистинкција меѓу обврските и одговорностите на носителот на дозволата и стручниот раководител. (Член 9, Член 10, Член 12, Член 14, Член 15 и Член 16). Имено, во услови кога носител на дозволата е јавна музејска установа, надлежна за одредена територија (според постоечкиот Закон за

заштита), а со археолошките истражувања што се одвиваат на локалитет на таа територија раководи стручно лице од друга научна или стручна установа или самостоен истражувач, потребно е прецизно да се утврдат обврските на едниот и другиот учесник.

3. Заради поголема заштита на националниот интерес во археолошките истражувања носител на дозвола за археолошки истражувања може да биде домашно правно и физичко лица, а само во исклучителни ситуации утврдени со Законот во археолошки истражувања можат да учествуваат и меѓународни организации од областа на заштитата и странски научни установи.

Меѓународни организации од областа на заштитата, странски научни установи и одделни странски работници од областа на археологијата можат да учествуваат во археолошки истражувања кога носител на дозволата е научна установа регистрирана за вршење дејност од областа на археологијата или јавна установа од областа на музејската односно споменичката дејност и под услови утврдени во договор склучен меѓу нив. Со утврдувањето на можноста за учество но не и на можноста странски субјекти да бидат носители на дозвола за арх. истражувања, подобро се обезбедува националниот интерес, односно се врши подобра контрола во врска со: целисходноста на одредени истражувања (за кои цели се изведуваат истите, дали можеби истите се во спротивност или на штета на интегритетот /идентитетот на државата), видот и обемот на истражувањата (што е особено важно за планирањето на заштитата на она што се истражува, и според тоа постојат можности таквите истражувања да бидат некомпатибилни со стратегијата/планирањето на национално ниво и со тоа да предизивикаат импликации во планираниот буџет за оваа област на национално ниво, односно да побараат додатани буџетски средства, додатен ангажман на домашен кадар, опрема, заштита, презентација и сл.)

Во особено оправдани случаи, на странска научна установа од областа на археологијата или на меѓународна организација од областа на заштитата може под определени услови да и се издаде дозвала за археолошки истражувања што се извршуваат како самостојна археолошка мисија.

Наведеново решение е во согласност со Ревидираната Европска Конвенција за заштита на археолошкото наследство и со Препораката за меѓународните принципи што треба да се применуваат при археолошките ископувања. (Член 11), а за истото е консултирана законска регулатива за оваа област од соседните земји со богато позитивно искуство (Република Хрватска).

4. Заради усогласување со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење, а во насока на доследна примена на заштитно-конзерваторските услови, Управата за заштита на културното наследство, со измените на Законот ќе издава нов акт. Претходно заштитно-конзерваторско одобрение за недвижното културно наследство. (претходно со Законот беше утврдено Управата да издава заштитно-конзерваторска согласност за културно наследство од особено значење и заштитно-конзерваторско мислење за другите видови на културно наследство (Член 19). Имено, имајќи предвид дека процесот на ревалоризација а со тоа и категоризација на културното наследство (како законска обврска) сеуште е во почетна фаза, а истиот е неопходен за донесување акт за прогласување на културно наследство од повисоката категорија - особено значење, и бидејќи тој процес е сложен и подолготраен, неопходно е во меѓувреме да се обезбедат /сочуваат утврдените вредности на недвижните добра во контекст на урбанистичкото планирање, без разлика што актот со кој се утврдува односната категорија не е донесен. Исто така, со измените во оваа област (во чл.18 нов став 3) се утврдува потребата од изготвување идеен проект врз основа на издадените заштитно-конзерваторски услови, што е во согласност со Законот за градење а во врска со утврдувањето, одосно издавањето акт за локациски услови.

5. Прашањето за враќање на културните добра што незаконски се изнесени од територијата на друга држава, а се наоѓаат на територијата на Република Македонија, во Законот е веќе уредено на единствен начин за сите држави вклучувајќи ги и земјите членки на Европската Унија. Во него на соодветен начин се веќе вградени клучните одредби од Директивата 93/7/ЕЕЗ за враќање на културните добра што незаконски се изнесени од територијата на држава членка, од 15 март 1993 година.

Заради усогласување со Директивата 93/7/ЕЕЦ за враќање на културните добра незаконски изнесени од територијата на земја-членка, Директивата 96/100/ЕЦ на Европскиот парламент и на Советот од 17.02.1997 година за дополнување на Анексот на Директивата 93/7/ЕЕЦ и Директивата 2001/38/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 05 јуни 2001 година за измени на Директивата 93/7/ЕЕЦ за враќање на културните добра незаконски одземени од територијата на државите членки, во Законот се направени измени во делот на Реституција на културното наследство

Во Законот се додадоа три нови члена во кои се утврдија сите специфики кои произлегуваат од Директивите, а се однесуваат на враќање на културни добра незаконски изнесени од земја-членка на Европската Унија, а се наоѓаат на територијата на Република Македонија и обратно за културни добра незаконски изнесени од територијата на РМ, а се наоѓаат на територијата на земја-членка на Европската Унија.

За потребите на усогласување со Законот со предметните директиви во пимникот на Законот дефинирани се поимите - јавна збирка” и “ предмети на колекции”, а исто така, дефинирани се видивите на добра кои спаѓаат во категоријата на национално богатство. Предмет на барање на

реституција може да бидат само добрата кои припаѓаат на еден од видовите на културни добра содржани во поимот „национално богатство".Управата за заштита на културното наследство донесува Решение за утврдување на својство на национално богатство.

Со оглед на тоа што за материјата за реституција на културното наследство покрај наведените Директиви за предметната материја релевантна е и Конвенцијата за мерките за забрана и спречување на недозволениот увоз, извоз и пренос на сопственост на културните добра, од 14 ноември 1970 година ("Службен лист на СФРЈ" бр. 50/73), а во случај на вооружен судир релевантни се и Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир и нејзиниот Прв протокол ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 4/56) и Вториот протокол на Хашката Конвенција за заштита на културните добра во случај на вооружен судир ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/02), пропишани се двојни рокови за поднесување на реституционо барање од и кон земји-членки на Европската Унија и за поднесување на барање од и кон трети земји.

Во Предлогот за донесување на закон се додадени два нови члена во кои детално е регулирана постапката за враќање на незаконски извезените добра од земја-членка на Европската Унија што се наоѓаат на територијата на Република Македонија. и за незаконски изнесени добра од Република Македонија, а се наоѓаат на територијата на земја-членка на Европската унија. И двата члена се применливи само за добра што се изнесени од територијата по 31.12.1992 година. (Член 3, Член 5, Член 8, Член 25 и Член 26).

6. Исто така, усогласувањето со Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3911/92 на Советот од 09.12.1992 година што се однесува на извоз на културни добра и Регулативата на Комисијата од 30.03.1993 година за утврдување на одредбите за спроведување на Регулативата број 3911/92 (ЕЕЗ) на Советот за извоз на културните добра услови во Законот да се направат измени во делот на Контролни и други мерки за движното културно наследство.

Во Законот се прави дистинкција меѓу изнесувањето и извозот на културните добра.

Изнесувањето на движното културно наследство во странство е врз основа на дозвола што ја издава Управата за заштита на културното наследство. Дозволата за изнесување може да биде стандардана дозвола, специјална и општа отворена дозвола.

Движното културно наследство што не е под режим на општа забрана за извоз може да се извезува врз основа на дозвола што ја издава Управата. Културното наследство што преставува национално богатство не смее да се извезува.

Дел од одредбите соодветно се имплементирани во измените на Законот, а останатите одредби ќе се имплементираат во подзаконскиот акт за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата за извоз и изнесување на културните добра..

Вредностите на културните добра по тарифни броеви ќе биде потребно соодветно да се пропишат во прописите релевантни за царинското работење. (Член 3, Член 5, Член 8, Член 21, Член 22, Член 23 и Член 24).

7. Исто така, со измените и дополнувањата на Законот се врши усогласување на територијалните надлежности на конзерваторските центри по определени општини со новиот Закон за територијална организација на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/04). (Член 34).

8. Заради поефикасно спроведување на Законот за заштита на културното наследство извршено е усогласување во делот на казнените мерки со новите прекршочни санкции утврдени во системскиот Закон за прекршоците ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/06), кој е донесен во месец мај 2006 година. Во овој Закон е утврдено дека треба во рок од 12 месеци да се изврши усогласување на сите закони кои имаат казнени одредби со неговите одредби.

Со измените во делот на прекршоците даден е основ за одредени прекршоци прекршочна постапка да води и прекршочна санкција да изрекува Министерството за култура. Прекршочната постапка ќе ја води Комисија за одлучување по прекршок што ќе се формира во Министерството за култура .(Член 29, Член 30, Член 31, Член 32, Член 33).

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Процедурално три минути за госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министер за култура, почитувани колеги пратеници,

Со оглед дека измените на Законот за културното наследство се многу посериозни и позначајниотколку она што го слушнавме од минситерот и знаеме дека има измени кои што се нужни да се направат, и тука се согласувам што се однесува околу крајниот извод и реституцијата на движното културно наследство, меѓутоа почитувани колеги сериозно се задира во областа на архиелошките истражувања и заштитата на културното наследство. До таа мера е сериозно, што овојзакон, со овие измени не само што се заштитува археолошкото богатство, туку се дава можност неконтролирано да се извршуваат ископувања во името покриени под рековноцирања, без дозвола.

Се дава можност за дивите копачи. Дали ние носиме закон за заштита на културното наследство, или носиме закон кој повеќе ќе погодува на дивите копачи. Токму поради тоа почитуван министер барам овој закон сега да се повлече, односно дискутираме само за неговата потреба, а потоа во втора фаза, кога ќе ја помине јавната расправа на која што имаат забелешка

сите релевантни институции од оваа област да биде ставен во втора фаза.

Тоа е моето прво процедурално барање. Да се повлече законот и да оди на јавна расправа како што одеше претходно доенсениот Закон во 2004 година, што за волја на вистината и тогаш имавме одредени обврски кои што требаше да се направат по потполнувањето на прашалникот и изгласувањето на Националната програма односно измени во 2007. Значи, тука немам забелешки, меѓутоа во однос на поимите од археолошките истражувања се прават сериозни кршења и на ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство, Лавалета 1992 година.

Ве молам, многу сум сериозна и барам пратениците од парламентарното мнозинство кои што милуваат да се претставуваат дека се единствени патриоти во оваа земја да ја сватат многу сериозно мојата забелешка затоа што културното наследство е тоа врз кое го градиме минатото, сегашноста и иднината на земјата.

Ве молам, ова е многу сериозна работа, се работи за нешто што има големозначење за земјата. Знам, кога се говори за вакви работи некако ги оставаме на страна.

Мојата втора процедурална забелешка е молам, да ни бидат дадени стенографските белешки од излагањето на министерот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Би било добро да прецизираме.

Прво, барате да оди во две фази, нешто на што може да одговори само претставникот на Владата односно министерот.

Потоа рековте да се повлече. Тоа се две работи.

**Роза Топузова Каровска:** Се извинувам, можеби е направен лапсус, не да се повлече...

**Иван Анастасовски:** Тоа можете вие како пратеник да го предложите, да гласаме за повлекување.

**Роза Топузова Каровска:** Се извинувам, не се работи за повлекување.

Да оди во една фаза и барам пауза за да ги добиеме стенографските белешки.

**Иван Анастасовски:** Вие сте заменик на координаторот, имате право да барате пауза.

Излагањето беше обемно, мислам дека 40 минути минимум ќе треба за да бидат стенографските белешки приложени до колегите рпатеници.

Објавувам пауза од 45 минути, за да ги имаме стенографските белешки.

(Пауза од 11,35 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,30 часот)

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Ако не ви смета да почекаме една минута, бидејќи сега звонеше па можеби почитуваните колеги ќе дојдат па јас да ја отпочнам мојата дискусија затоа што сметам дека темата е доста интересна и ќе има и други колеги пратеници кои ќе сакаат да слушнат затоа што навистина околу некои работи ќе мораме да се усогласиме и можеби да направиме некои заеднички промени, не со тоа сега да шириме овде некое опозиционо расположение, туку навистина се работи за еден закон што во него нема популизам, нема политика, туку апсолутно е многу клучен, заради она што го говорев односно за заштитата на нашето културно богатство, вклучувајќи го и новиот термин што е внесен, националното богатство. Значи, јас би почекала ако може една минута за да дојдат пратениците.

**Иван Анастасовски:** Не е проблем, тоа е ваша одлука, полека се прибираат колегите пратеници така што слободно можете да продолжите, бидејќи и после вас има пријавени дискутанти, четворица за дебата.

**Роза Топузова Каревска:** Јас се надевам дека ќе убедам некои од колегите да прифатат некој од моите амандмани.

Уште на самиот почеток сакам да се извинам на оние колеги кои тука ќе бидат присутни и до министерот што можеби ќе ви се чини малку поопстојно моето излагање, но јас мислам дека ќе имам разбирање во таа насока затоа што ова е материја, особено археолошките истражувања, материја која ја познавам и реков овој пат ќе говорам повеќе од стручен аспект, а и самиот закон не е таков каде би можеле да говориме или некој да каже, да ме обвини дека се занимавам со политика или, не дај Боже политиканство.

Почитуван министер, ние имаме еден Закон за заштита на културното наследство кој беше донесен во март 2004 година и тој Закон беше донесен во една процедура која ги спази сите фази односно го имавме Предлогот на закон односно Нацрт на закон. Истиот тој Нацрт закон беше пуштен на јавна расправа каде можеа институциите, сите тие кои имаа допирна точка со културното наследство, без разлика дали се работи за материјално или духовно културно наследство. Дури и во тој Закон, за прв пат во Република Македонија јасно се дефинира и заштитата на духовното културно наследство што беше многу позитивно во тоа време и врз база на искажаните забелешки од јавната расправа беше изготвен законот кој беше пуштен како Предлог закон во собраниска процедура и потоа во третата фаза беше донесен Законот кога можеа и пратениците да интервенираат со амандмани. Со тој Закон јасно се утврдуваат видовите на категорија и идентификација на културното наследство, начинот на ставање под заштита, потоа сите инструменти на заштита на културното наследство, правата и должностите на имателите кои поседуваат културно наследство. Исто така јасно беа дефинирани и стручните и другите звања, начинот на добивањето на лиценца, што беше ново нешто тогаш за археолошки истражувања, што сметам дека беше многу позитивна одредба во тој закон.

Ако сега погледнеме да видиме што имаме со овој закон и зошто сега ни се потребни овие измени, јас би можела во две насоки да дадам поддршка за овие измени и сметам дека е многу позитивно. Имено, сметам дека е оправдано донесувањето на законот во рамките на доусогласување на дел од постојниот Закон што го имаме, за заштита на културното наследство, со регулативите на Европската унија и тоа во делот што се однесува на трајниот извоз на културно наследство и реституцијата на движното културно наследство што е од особено значење за Република Македонија, ако имаме предвид колку многу значајно културно наследство е изнесено од нашата земја само во минатиот век и се наоѓа во витрините на Софија и Белград. Навистина сметам дека многу сериозно треба да се размисли во оваа насока. Јас знам дека е тешко, не дека оваа Влада, не дека минатата Влада, туку и на многу влади ќе и требаат максимални ангажирања за да можеме почитувани колеги, да си вратиме дела од нашето културно наследство. Значи во таа насока ги поддржувам измените што ги нуди овој закон и сметам дека се апсолутно потребни.

Исто така, во Законот кој беше донесен во 2004 година, беше кажано дека ќе има одредени усогласувања со одредбите на Законодавството од Европската унија што треба да се направат, се увидоа дури и при потполнување на Прашалникот што ни беше неопходен за добивање на кандидатскиот статус и тука апсолутно немам дилема. Исто така и во Националната програма за усвојување на Законодавството на Европската унија за 2007 година и тогаш уште беа пријавени измени на законот, како што реков и тоа во делот на целосно усогласување со директивата 96100 ЕЦ на Европскиот парламент, исто така и со Анексот на директивата 93/7/ЕЕЦ и Директивата на Европскиот парламент и Советот на Европа. Значи сите овие усогласувања сметам дека се коректно направени и од тој аспект јас на овој дел од материјата давам апсолутно поддршка.

Исто така има уште една оправданост за донесување на овој закон односно за овој Предлог за измени и дополнување на Законот, а тоа се законските одредби кои се однесуваат за усогласување со Законот за прекршоци затоа што кога го носевме тој закон не беше донесен оној закон за прекршоци кој сега е во сила. Значи и тука немам апсолутно никакви дилеми.

Исто така сакам да кажам дека овој Закон за заштита на културното наследство неепходно беше да се усогласи и со Законот за локална самоуправа, со законите, затоа што исто така кога е донесен не беа донесени законите врзани за децентрализацијата и локалната самоуправа. Значи тука никој од нас не би требало да има поголеми забелешки околу усогласувањата. Јас ги проверив и актите што ги имаме од Европската унија и тука е направено коректно усогласување. Исто така имаме и воведување на еден нов поим, национално богатство.

Понатаму имаме усогласување во еден дел каде се воведува, како што кажа и самиот министер, измена во терминологијата на аудиовизуелна. Значи се однесува на досега употребуваната терминологија на филмскиот фонд односно кинотечните добра. И тука исто така сметам дека е добро и потребно е усогласување.

Околу темата на аудиовизуелни добра јас нема да говорам, ќе оставам на другите колеги, гледам дека има доста пријавени, можеби тие подобро од мене ја владеат оваа материја. Но, да се вратам на она што сакам да биде предмет на моето излагање.

Ќе се обидам најаргументирано да ги изнесам моите забелешки и очекувам, почитувани колеги од парламентарното мнозинство да ми дадете поддршка понатаму и по амандманите што во секој случај одат не само на подобрување на текстот, туку Законот го прават полесен за имплементација, а и одат во правец на вистинска заштита на културното богатство кое го имаме.

Да почнам по ред.

Во членот кој сега ни се предлага, членот 3, во постојниот член 11 имаме измена кој член всушност претставува поимник и точката 12 се менува и гласи: “рекогностицирање”, е препознавање на определен простор по пат на површински проспекции или контролни сумирања.

Почитувани колеги, мислам дека овде се крие најголемата опасност и замка што ни ја нуди овој закон.

Старото решение, само за споредба, гласи: рековносирање е потврдување на точноста на сознанијата за археолошко наследство врз основа на претходно извидување на одредена месност.

Почитувани колеги, нема потреба од менување. Рекогностицирање подразбира, еве ги поедноставам нештата за оние кои не се занимавале со оваа професија, а мислам дека многу лесно ќе ме разберат. Кога одредени археолози или историчари на уметност, значи стручни профили одат на рекогностицирање, тие имаат право само врз основа на претходно стекнати сознанија, дали биле пишани извори, без разлика, усни преданија итн, да извршат визуелна опсервација на теренот. Значи визуелна опсервација, без да копаат, без да земаат и присвојуваат предмети кои се на површината на земјата или во вода и тука завршува нивната работа, кои сознанија понатаму можат да ги применат во своите стручни или научно истражувачки трудови. Сега со ова што се дозволува контролни сондирања, се прави многу лоша услуга. Контролни сондирања, почитувани колеги, тоа никој не може да го контролира. Дали нема некој да го злоупотреби ова, а сигурно вака дефинираниот член дава голема можност за злоупотреба. Тоа значи, значи не се сомневам во колегите од оваа струка, но секако дека во сите професии, јас и за тоа се борам цело време да докажам, има чесни луѓе кои си ги исполнуваат своите обврски и луѓе кои се податливи на одредени незаконски дејанија. Значи овде се дава

можност под поимот рекогностицирање, одредени истражувачи да си спроведат и контролни сондирања.

Што со наодите што ќе ги најдеме таму? Дали тие подлежат на обврска да бидат предадени на Управата на надлежниот завод и музеј. Никаде не е дефинирано тоа. Значи слободно можат да си ги задржат, или понатаму, сега прејудицирам, да бидат предмет на понатамошно изнесување од земјата. Ако сега се залагаме да си го вратиме нашето културно богатство кое е едно од најубавите во витнините на двата спомената музеи, повторно да не ги споменувам значи Белград и Софија, сега дали треба уште да се изнесува од нашето културно богатство.

Ве молам колеги, јас имам и амандман по овој член, сериозно да размислите и можеби да дадете поддршка на амандманот, а исто така го замолувам и министерот да размисли околу ова прашање и доколку мојот амандман се гледа за неприфатлив, Владата односно самото Министерство да интервенира во таа насока, до толку повеќе, затоа што, почитуван министер оваа одредба е контрадикторна со членот 9.

Во членот 9 кој вие сега го предлагате, а интервенира на членот 55, таму пак вели "археолошки прегледи на теренот". Значи археолошки прегледи на теренот стои и се воведува реампулација и р рекогностицирање. Значи не само што не е во согласност со правните акти, со правилниците, апсолутно со целокупните правни стандарди на археологијата, овој термин, туку и во самиот Предлог на закон што ни го нудите, почитуван министер, е контрадикторен. Значи во членот 3 велиме дека рековносирања се визуелна опсервација плус контролни сонди, за веднаш потоа во членот 9 да кажете дека под опсервација на теренот се подразбираат рекогностицирањата. Доколку вака остане ова решение, не е сериозно и не оди во прилог и во голема мера и ја загрозува заштитата на културното наследство.

Понатаму, почитувани колеги, исто така имам забелешка на членот 9 каде вели дека и интервенира на постојниот член 55 со кој се регулираше давањето на дозвола за археолошки истражувања и тука сега имаме предефинирање што се подразбира под археолошки истражувања. Јас веќе говорев дека имаме контрадикторност.

Исто така се воведуваат и нови методи, не деструктивни. Всушност и рекогностицирање треба да биде недеконструктивна метода и тука велиме аероархеологија, геофизички истражувања и георадарски истражувања.

Почитувани колеги, исто така би требало и околу овие одредби малку да се замислиме, дотолку повеќе што ќе видиме дека понатаму никаде не е објаснето што всушност тие претставуваат односно какво ќе биде нивното значење.

Јас кажав и во моето уводно излагање дека вака дефинираните поими не се во согласност со ратификуваната спогодба на Лавалета од 1992 година.

Тоа се многу сериозни забелешки. Јас знам дека можеби културата не е нешто приоритетно во политиката, така барем секогаш ја ставаме на маргините но верувајте врз ова се гради нашето културно минато. Врз ова, врз културното богатство, почитувани колеги, ние можеме да кажеме дали имаме право да кажеме дали нашиот аеродром да се нарекува Александар Македонски, а не некој да ни го оспорува тоа право. Затоа го говорам тоа. Говорам многу сериозно и барам сериозно да се свати тоа што ќе биде изложено од оваа говорница.

Понатаму, почитувани колеги во ставот 2, ве молам потпретседателе ако може малку тишина, знам дека можеби сум малку поопширна, но верувајте, се работи за многу сериозни забелешки.

Значи членот 55 до сега регулираше кој може да врши археолошки ископувања, секако врз основа на дозвола од Управата. Тука имаме дека дозволата од ставот 1 на овој член се издава само на еден носител и тука имаме кој се може да биде носител и како тоа се регулира.

Овде сега со измени на ставот 2, значи во ставот 2 вели: " дозвола се употребува на подрачје на кое може да се извршуваат археолошки истражувања, правецот, видот и обемот на работите, времето во кое работите треба да се извршат и условите под кои можат да се извршат археолошките истражувања".

Овде имаме одредени измени со внесување на нова терминологија каде се внесува стручен раководител на археолошките ископувања, јас сметам дека ова не оди во правец на подигање на нивото кое до сега го имаше дефинирано, туку напротив, одиме на еден понизок степен.

Зошто го говорам ова?

Затоа што носител на дозвола во смисла на ставот 1 од овој член може да биде научна установа, јавна установа, не читам до крај, научен работник или самостоен истражувач со статус на овластен истражувач.

Почитувани колеги, сега научните звања не се ниту приоритет ниту дури претставуваат можност за добивање на дозвола, туку се вели дека ќе ја добие стручен раководител на археолошките истражувања.

За да биде понатаму уште попроблематично, јас ќе ви прочитам кој може да биде стручен раководител. Вели: дипломиран археолог. Прво, тука го поставувам прашањето што со дипломираните истражувчи на Катедрата на Универзитетот "Кирил и Методиј"-Скопје кога дипломираат се здобиваат со звање дипломиран археолог - историчар на уметност, дали ова значи дека тие понатаму нема да имаат право да бидат стручни, според новиот закон, раководители на археолошки истражувања и дали ќе се признаваат дипломите од Белград, Загреб и Софија. Тука се наметнува моето прашање. Значи, стручен раководител ќе може, според ова што стои во законот, да биде дипломиран истражувач од универзитетите во Белград, Загреб и Софија. За

жал, нашите дипломирани кадри кои Катедрата од 20 години вади стручњаци, нема да можат да бидат стручни раководители на истражувањата, што мора да признаете, дека е бесмислено, апсолутно.

Понатаму вели и најмалку 12 месеци евидентирано искуство стекнато во учество на теренски истражувања по дипломирањето. Што значи тоа почитувани колеги? Од една страна Министерството ја укинува лиценцата што беше многу значајна за археолошките истражувања и вели затоа што со таа лиценца се полагаше испит пред комисија што ја определуваше Министерството за култура, ги укинува научните звања на докторите на науки и сега стручен раководител може да биде некој што има 12 месеци теренско искуство.

Почитувани колеги, тој во тие 12 месеци кои се потребни само да се воведе во археологијата можеби обавувал најспоредни работи во самите археолошки истражувања како што е пишување на документација, исцртување на теренски наоди или евентуално сортирање на керамика. Не можеме такво лице да го ставиме да биде раководител на археолошките истражувања.

Верувам дека е направена некоја грешка особено околу археологијата каде вели дипломиран археолог, не сакам да поверувам дека нашите еминентни стручњаци и доктори на науки, докторите веќе имаат докторирано на одредена област археологија или историја на уметност, тука не е спорно, но имаме и стручњаци кои имаат долгогодишно искуство и напредувале во структата, сега треба да бидат исклучени да можат да бидат раководители на археолошки истражувања.

Исто така спорен е членот 10, го молам министерот внимателно да ме слуша, затоа што е самиот контрадикторен понатаму со членот 11.

Ве молам, почитувани колеги, видете што се случува. Вика носител на дозвола за археолошки истражувања може да биде домашно правно или физичко лице и тн. По исклучок утврден во член 51 став 1 и 2, носител на дозвола може да биде странско правно и физичко лице. Значи, се воведува нов термин дека може да раководи странско правно и физичко лице. Јас немам ништо против тоа иако сметам дека треба да се воспостават поконкретни критериуми околу тоа, но читајте го членот 11 каде вели: меѓународни организации од областа на заштитата, тука сметам дека требало да стои и археологијата, странски научни установи и одделни странски работници од областа на археологијата можат да учествуваат во археолошки истражувања само ако работите ги изведуваат во соработка со правно лице и тн.

Сега, од една страна членот 10 став 1 им дозволува да бидат носители странски лица за веднаш потоа членот 11 ова да го оспори.

Почитуван министер, ова е многу сериозна работа и јас мислам затоа побарав сега да ја гледаме првата фаза, а во втората фаза да можеме, можеби самото Министерство да интервенира, не е грешка да се направат пропусти и да можеме понатаму да дебатираме.

Понатаму почитувани колеги членот 58 на постојниот Закон, а сега интервенциите во член 12 што се однесува го вели следното:

При услови кои се да се добие дозвола за археолошки истражувања, меѓу другото стоеше и список на лицата кои го сочинуваат стручниот тим и нивните задолженија во рамките на тимот. Што има лошо во ова почитувани колеги? Со основни податоци и докази за нивните квалификации. Па, нормално дека ќе се бараат докази за нивните квалификации, за сега да се замени со инаков став и вели: податоци за стручните лица кои учествуваат со истражувањата. Само толку. Какви податоци почитувани колеги? Податок може да биде само моето име и презиме, притоа никаков доказ за мојата стручна квалификација. Па, за што го враќаме законот назад, наместо да одиме да се усогласуваме со критериумите на Европската унија, ние се враќаме назад, значи правиме нешто што не оди во прилог на археолошката наука.

Да не елаборирам повторно многу опширно при амандманите ќе кажам, тука имаме големо неусогласување со тоа што се случува околу раководителот на истражувањата, дали сега имаме овластен истражувач се брише, потоа имаме раководител на археолошки истражувања се заменува со стручен, ингеренциите се мешаат, не е дефинирано кој кому му одговара, се потпишува договор зошто е договор почитувани колеги ако се од иста институција, договор може да се потпишува само со некој кој е надворешен соработник, не може од иста институција да имаме. Значи, низа, низа недоречености и работи кои не одат во прилог. Дури, јас сега се прашувам, што се крие во заднина на ваквата промена и содржина на членот 10 и членот 12? Што? Дали со бришење на лиценцата навистина многу сериозно ме загрижува зошто се брише лиценцата. Ниту се работи за усогласување, напротив, се работи за неусогласување со европските стандарди.

Значи, некој како да не сака да имаме било каков систем на акредитација за раководење со археолошките истражувања, туку да се направи некаков хаос се со една единствена цел да немаме ред во истражувањата или некој кој не може да ги исполни досегашните услови и да биде раководител на археолошки истражувања да стане раководител.

Почитувани колеги најмалку што сакам да мислам дека ова се прави тенденциозно за можеби одредени партиски кадри кои во овој момент не ги исполнуваат претходно пропишаните услови со двата члена значи 10 и 12 сега да добијат дозвола да раководат со археолошките истражувања односно кадри кои завршиле пред 12 месеци, немаат никакво теренско искуство, како што кажав, со 12 месеци собрано лево-десно, да бидат раководители. Јас немам ништо

против да учествуваат во археолошки истражувања и тоа е добро, дај Боже што е можно повеќе млади луѓе да бидат вклучени во археолошките истражувања, но, почитувани колеги се знае кој може да раководи со археолошките истражувања.

Освен тоа ви кажав со напуштање на системот на акредитација доаѓаме во голема спротивност, во голем судир со член 3 точка 1 од Конвенцијата од Лавалете од 1992 година која е ратификувана од овој Парламент во 2005 година. Дали некој обрнал внимание на ова или не не знам, реков дека не сакам да прејудицирам и да мислам дека овие измени се прават тенденциозно за одредени личности.

Понатаму почитувани колеги имаме големи нелогичности и непотребни измени на членот 59 од постојниот Закон кој многу јасно ги дефинираше обврските на носителот на дозволата. Јас навистина не знам што забелешки се најдоа затоа што баш овој член во целост е усогласен со европските стандарди сега да имаме одредени измени кои во никој случај не можат да ја подобрат ситуацијата, туку напротив го враќаат назад.

Така во точката 2 од постојниот Закон од постојниот член 59 каде вели: во рок од една година на Управата да и ја предаде финалната документација од археолошките истражувања, значи овластениот истражувач, оној што има акредитации, оној што има лиценца, сега се менува и гласи:

Во рок од една година на Управата да предаде примерок од документацијата од извршените археолошки истражувања. Што значи почитувани колеги документација?

На Управата и е од корист финалната документација. Се знае како се предава финална документација. Документацијата која се води на терен има друг назив, се вика теренска археолошка документација и може работна верзија која ќе му помогне на истражувачот за да може да дојде до одредени стручни или научни сознанија. Зошто се предава на Управата не завршена документација и како може тоа да биде валидно и да има апсолутно било каква тежина понатаму во материјалот кој се наоѓа.

За членот 12 веќе говорев.

Околу податоците, навистина не ми е јасно кој бега од податоци мислам на валидни и докажување на стручноста и компетентноста на истражувачите кои ќе го сочинуваат тимот, не знам зошто се прави тоа.

Понатаму реков дека исто во овој член 13 имаме евидентно нарушување на правната сигурност. Носителот на дозвола и стручниот раководител се ставаат на исто рамниште. Од една страна се прави поделба на законски обврски во врска со истражувањето од друга страна.

Со што носителот на дозволата се ослободува од клучните обврски при истражувањето, а со тоа и одговорноста, нив ги презема стручниот раководител. Вака поставените нешта, почитувани колеги, не одат кон добро ниту пак носат нешто добро.

За финалната документација веќе кажав.

Понатаму, имаме околу заштитните истражувања исто се симнува нивото и онаму каде до сега се бараше проект, се менува и гласи: наместо план имаме изработка на идеен проект што во секој случај не знам зошто е потребно ова и како што реков не е во таа насока.

Одредени забелешки, како што е мислење и одобрение и такви значајни, ќе зборувам кога ќе дојде ред да зборувам по амандманите.

Што се однесува до членот 15 вели, во членот 61 став 6 по зборовите “се врши истражување” се додаваат зборовите “или на друга јавна музејска установа”.

Прво, почитувани колеги, што се крие зад ова? Кому ќе му се предаваат предметите? Ние имавме пред неколку месеци стана една голема афера при која беа обвинети наши еминентни научници од оваа област, ги читавме по медиумите, затоа што некои работи не беа дефинирани. Сега, наместо јасно да се дефинираат уште повеќе остануваат недефинирани со едно вакво решение кое го менува членот 61 став 6 каде не е дефинирано. Прво, јавна музејска установа, јас не го знам тој термин и терминот во Законот за музеи не постои јавно муземска установа не постои, значи немаме ни терминолошко усогласување.

Второ, која е таа друга, знаеме кои делуваат на локално ниво музејски установи, можат да бидат дефинирани во законот завод и музеи, која е таа друга? Ваквото решение дава можност за манипулација, за рушење на системот, рушење на системот на одговорност кому ќе му биде предадено. Ве молам, навистина добро да размислиме.

Исто така мислам дека немаше потреба и од менување на ставот 4 во членот 70. Навистина не ми е јасно што сака да се постигне со изменување на овој став. Акт за заштита на недвижното добро кое со просторен и урбанистички план е предвидено да добие статус, сега веќе зборувам во областа на заштитата. Добро, може да се донесе ако режимот на заштитата и границите на контактната зона на доброто не се во спротивност со планот.

Сега и овде имаме една измена која не го дефинира рокот и доведува до можност односно дава простор за повеќе манипулации.

Ако одиме понатаму и го погледнеме членот 18 ќе видиме дека постојното решение кое го имавме со членот 74, почитувани колеги, јасно ги дефинираше временските рамки и меѓусебните влијанија на документите кои беа потребни за заштитата. Сега тоа се избегнува и се создава еден хаос кој многу лесно може да биде злоупотребен.

Имам уште некои забелешки кои се однесуваат на дефинирање на сопственоста односно посебно би

се вратила на членот 58 каде се дефинираат односите на сопственоста помеѓу имателите на предмети од национално богатство и сега овде наместо договори за преземање се заменува со зборот “документ” Што значи зборот “документ”? Јас можам да донесам документ од мојата институција, меѓутоа, ако имателот на доброто не се согласува со тие услови, ништо не сум постигнала, еве тука правниците можат повеќе да помогнат.

Почитувани колеги, низа забелешки од кои најголем дел се преточени во амандмани и еве, да не одземам повеќе од вашето време, мислам дека горе долу успеав на парламентарното мнозинство да му укажам на најважните забелешки.

На крајот, би ги сумирала овие работи. Значи не е направена во целина, односно се руши системот на досегашната класификација на видовите на културно наследство која треба да биде усогалсена со општите принципи на класификацијата. Потоа, немаме соодветна застапенсот на сите видови на културно наследство во Предлогот на законот што се предлага, немаме усогласеност што е најважно, почитувани колеги, зошто Министерството ни понуди закон што не е усогласен со Законот за научно истражувачка дејност, па имаме стручни и научни истражувања. Сите ние знаеме до каде е струка, а од каде почнува наука. Вака како што нинудите, апсолутна деградација на научните иснтитуции и деградација на научните кадри имаме. Не може да се дозволи тоа. Еминентните стручњаци нека се занимаваат со струката, но не може да го преземаат она што треба да биде ингеренција на научните институции и на луѓето кои се експерти од таа област, професори на факултети, научни советници во институтите, доктори на науки. Ве молам, не е усогласен Предлогот со законот за научно истражувачка дејност и тоа секако нанесува голема штета на заштитата на културното наследство.

Почитувани колеги, Законот за културно наследство е многу сериозна работа. Раков дек анема да говорам за аудиовизуелната уметност, иако и таму имам забелешки, се задржав само на археологијата и имам уште многу поединечни забелешки кои можеби не се толку суштински, за кои можеби самата имплементација ќе каже дека ќе има простор за нивно изменување, но мислам дека без ова не може да биде. Сосема малку се задржав на интегрираната заштита, несакајки и тука да навлегувам во поединости, иако и тука имам доста сериозни забелешки кои сметам дека можат понатаму негативно да се одразат при имплементацијата на законот и при заштитата на културното наследство.

Мислам дека министерот ќе размисли после оваа дискусија и за време на паузата можеби и ќе се посоветува со стручните служби во Министерството. Ако моите амандмани изгледаат неприфатливи , самите да предложат некои амандмани, зашто на крај ќе завршам како и што почнав.

Почитувани коелги,немаме право, не несмееме, туку немаме право да се однесуваме неодговорно кон културното наследство, немаме право затоа што културното наследство е единствено валидно врз кое можеме да го осознаеме минатото на нашата земја, да ја градиме сегашноста и иднината. Единственото валидно нешто, тоа се доказите кои се добиваат преку археолошките истражувања и затоа е неопходно да имаме крајно издржана и добро дефинирана и регулирана материја. Се надевам дека овие образложенија беа доволни, иако многу мал број од колегите од парламентарното мнозинство ме слушаа, можам да забележам дека дел од оние што се во салата со особено внимание го слушаа моето излагање и се надевам дека сватија дек ане се работи за нешто кое што е собирање на поени или како што сакаат да кажат, популизам, туку нависитна ве замолувам да размислите околу ова за да донесеме еден добар закон за заштита на културното наследство. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеник Анета Стефановска, повеелте.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитувана колешке,

Од времетраењето на вашата дискусија јас констатирам дека не ви е целта да бидете конструктивни и да работиме во интерес на донесување закони што го носат знакот на Европската унија како што вие самите го побаравте тоа вчера. Истото тоа го велам. Побаравте стенограми, изгубивме еден час, дискутирате еден час и го раскажувате и анализирате целиот закон. Дискутирате долго време за да дојде паузата и до неа да завршиме со донесувањето на законот денес.

Сега од експозето на министерот имаше многу добро излагање и аргументирано кажа за каков закон се работи. Се работи за измени и дополнувања на Законот, кој се усогласени со Европската унија, односно компаративно се земени некои искуства од европски земји, најмногу од Хрватска и на тој начин се направени измените и дополнувањата на овој Закон. Наместо да дискутираме констуктивно и да ги донесеме измените и дополнувањата на овој закон, вие цело време раскажувате и непродуктивни разговори водиме тука, а за она за што ќе се осврнете во вашите амандмани тука што ги поднесовте. Сега повторно верувам кога ќе дојдат на ред вашите амандмани ќе се повторувате со вашите амандмани. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Што да се одговори почитувани колеги пратеници на оваа реплика. Навистина чувствувам згрозеност од ова што беше искажано. Не е важно само да протрчаме преку законите. Едномесечна работа и труд да се

кажува озборување - почитувана колешке, не е интенцијата само да се поминат законите, интенцијата е да донесеме квалитетни закони, да им помогнеме на луѓето во струката и науката добро да можат да се снајдат соовој закон, да биде добро имплементиран. Тоа е целта. Не ви забележувам многу, не ја познавате материјата, но ги почитувам сите пратеници, не мора секој да биде стручњак во секоја област, има право да каже. Но морам да кажам дека ако и малку чувствувате љубов кон својата земја, треба да се засрамите од вашата реплика. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер за култура, почитувани пратеници колку ве има, но за жал, многу малку сме во салата,

Денес пред нас во овој законодавен дом имаме еден сериозен предлог на закон за заштита на културното наследство. Законот има суштинско значење и мислам дека секој од нас треба да биде загрижен и ќе сака да се зачува културното богатство, бидејќи старите неслучајно рекле: богато културно наследство значи богата културна земја.

Јас се плашам колешката и на мене да не ми даде ваква забелешка бидејки и јас ќе бидам доста исцрпна во своето излагање по Предлог законот за заштита на културното наследство, така што не само протрчување преку законите, туку опстојно дискутирање, бидејки вложив доста труд, доста консултации со експерти кои ја познаваат многу сериозно оваа област, па затоа не и забележувам на колешката што реплицираше, колешката Анета, а колешката Роза можам да ја поздравам, бидејки некаде и ќе се повториме со неа.

Во текстот на Предлогот за донесување на законот се наведени неколку причини што според предлагачот треба да го оправдаат неговото прифаќање. Меѓутоа, објективните анализи покажуваат дека само дел од нив може да се сметаат како нужни, односно оправдани, додека другите се крајно дискутабилни не само како потреба туку и како нивно објаснување.

Имено, главната причина поради која може да се оправда донесувањето на законот што се предлага е потребата од доусогласување на дел од одредбите од постојниот Закон за заштита на културното наследство со директивите и регулативата на Европската унија што се однесуваат на привремениот и трајниот извоз и реституцијата на движењето на културното наследство кое се смета за национално богатство. Значаен дел од одредбите на предметните европски прописи веќе се вградени во псотојниот Закон, а при негово подготвување и донесување свесно беа изоставени обврските што подразбираа воспсотавување на посебен правен режим во поглед на земјите членки на Унијата, различен од правниот режим на другите земји во светот. Дополнително при подготвувањето на одговорите на прашалниците поповод кандидатурата на Република Македонија за членство во Европската унија Република Македонија сама превзеде обврска и утврди рок за соодветно усовршување на постојниот Закон, а тоа беше во текот на 2007 година, декларирајќи го таквиот став во соодветните документи. Оттаму, во случајот не станува збор за новосоздадена потреба како причина за донесување на законот што се предлага, туку за благовремено и доследно избрзување на самопреземената обврска за целосна хармонизација на предметниот закон. Впрочем, токму тоа е единствената причина поради која предметниот законски проект го носи знакот на приоритет.

Покрај тоа, како дополнителна причина може да се смета и потребата од усогласување на дел од законските одредби со новиот Закон за трошоци, донесен по усвојувањето на Законот за заштита на културното наследство. Практично, со новиот Закон за прекршоци беа направени неколку значајни системски промени, што нужно повлекуваат усоглаување на прекршочните одредби од Законот за заштита на културното наследство.

Нужно усогласување од правни причини е потребно и од аспект на новата поделба по општини, утврдена со Законот за територијална организација на локалната самоуправа, усвеон по донесувањето на Законот за заштита на културното наследство.

Наведените две дополнителни причини како итни потреби се компатибилни со главната причина за пристапување кон измени и дополнувања на постојниот Закон. Следствено на промените што се предлагаат врз таа основа се нужни и неоспорни, а како такви и единствено предметни за Предлог законот што е понуден. Надвор од тоа, во поглед на причините за донесвување на законот или во поглед на предметните нормативни решенија, проучувајки ги придружните објаснувања, се крајно проблематични и непотребни. Така, една од причините за донесување на законот што се предлага е наведена потребата од поедноставување на постапката и условите за реализација на археолошките истражувања, всушност во заднина на тоа е настојувањето да се намалат обврските на домашните археолози во поглед на професионалниот и одговорен однос во фазата на подготовките за добивање на дозволата за археолошки истражувања. Покрај тоа, се настојува да се либерализираат условите за добивање на дозволата за археолошки истражувања за домашни археолози, а со тоа и да се отстапи од клучната обврска од ратификуваната ревидирана Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство - Ла Валета, 1992 година. Во таа смисла, во законот чие донесување се предлага се понудени крајно

проблематични решенија со кои се нарушува системот на контрола на тој вид истражувања, па и правната сигурност,

Повеќе понудени решенија се контрадикторни и до колку бидат усвоеникако такви, ќе јанарушат кохерентноста на воспоставениот правен режим на археолошките истражувања. Наместо подобрување и надградување на постојните законски решенија, под изговор за поедноставување на постапката и условите, без никаква реална основа за тоа, се нудат правни покритија за полежерна позиција на археолозите и можност за избегнување на обврските и одговорноста. Оттаму, наведената причина во поглед на археолошките истражувања не само што не е прифатлива, туку претставува и директен повод за загриженост со оглед дека предочува една искривена свест што ги поткопува основните начела на заштита на археолошкото наследство. Слично на тоа, во поглед на интегрираната заштита на недвижното културно наследствокако причина се наведув апотребата од соодветно вклучување на културното наследство во процесот на просторното и урбанистичко планирање и имплементација на плановите, за кое колешката Роза даде многу убаво објаснување. Меѓутоа, таквата причина сосема е беспредметна со оглед дека во постојниот Закон веќе се вградени сите неопходни елементи на законска рамка за интегрирана заштита со доследно и целосно почитување на обврската од ратификуваната конвенција за заштита на археолошкото наследство на Европа. Само да ве потсетам, Гранада 1985 година и веќе споменатата Конвенција од Ла Валета, Малта, од 1992 година. Наспроти тоа, со законот чие донесување се предлага се нудат решениај што се спротивни на основните начела и стандарди на интегриранта заштита,како и спречување на наведените конвенции и на членот 56 од Уставот на Република Македонија. Наедно, како такви тие се директно спротивни на наведената причина. Поради тоа, наведената причина нема никаква реална основа ниту смисла.

Најпосле на соодветно место во Предлогот за донесување на законот не е наведена никаква причина во поглед на кинотичката дејност и кинотечните добра.

Наспроти тоа, што ќе рече, без никаква причина, во законот чие донесување се предлага се понудени решенија со кои се прават одредени терминолошки промени односно се предлага официјализирање на некоја нова терминологија, како што се изразите аудиовизуелни добра и дејност за заштита на аудиовизуелните добра. Единствено во образложениeто е наведено дека предметните терминолошки промени се направени како резултат на потребата од усогласување со странските компаративни искуства и прописи, како и заради забрзаниот развој на техниката и технологијата во тааа сфера.

Меѓутоа, токму тоа е крајно проблематично, првенствено поради тоа што ниедно национално законодавство во светот нема таква терминологија во поглед на кинотечното работење од една страна, и поради тоа што националните прописи се земаат како задолжителна правна основа за усогласување на сопствената споменичка терминологија.

Од друга страна, со други зборови во предложениот текст како аргументи се нудат невистините и непотврдени информации. Имајќи ги предвид наведените забелешки се смета дека деловите од Предлог законот што се однесуваат на аудиовизуелните добра и дејности за заштита на аудиовизуелните добра, археолошките истражувања, интеграционата заштита, треба да бидат повлечени, односно, да не бидат прифатливи.

Во Предлог на законот, во повеќе одредби е понудена замена на изразот кинетички добра со изразот аудиовизуелни добра и замена на изразот кинотечна дејност, со изразот дејност за заштита. Такви промени се понудени во членовите 1, 2, 4, 27 и 28 од Предлог законот, со кои се интервенира во членовите 8 став 3, член 9 став 2, член 22, член 153 став 1, точките 1, 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9 и 10 и став 3 точката 3 и член 166 точка 3, од постојниот Закон. Наспроти тоа, во постојниот Закон останува називот кинотечка установа и називот Кинотека на Република Македонија. Така, со понудените решенија се предлага воведување на различна терминологија во една иста дејност, при што, за самата дејност и предметот на работа се бара официјализирање на нова терминологија, додека за носителот на дејноста и типот на самата установа се задржува постојната терминологија. Претходно во делот на промените веќе е наведено дека во таа област не постојат никакви оправдани причини за воведување нова терминологија.

Овде, во тој контекст, треба да се додадат уште неколку дополнителни податоци. Тука, називот кинотечна дејност е преземен од националната класификација на дејностите од 1998 година и неговото менување би било спротивно на тој терминолошки стандард. Никаде, буквално никаде во светот, ниту на меѓународно, ниту на национално ниво предметната дејност не се идентификува со називот дејност за заштита аудиовизуелни добра.

Во таа смисла, доколку се прифати предложеното решение, Република Македонија би била прва и единствена земја, односно би направила преседан без причина. Инаку, некој земји имаат закони што се однесуваат на различни начини. Но во нив не се вбројува заштита на предметниот вид добра.

Типичен пример во тој поглед е Хрватска, каде нивниот закон за аудиовизуелна дејност, што се во постапка на донесување, како такви се подразбираат развојот, производството, промоцијата, дистрибуција и прикажување на аудиовизуелни дела, а во Законот за културните добра се користи изразот заштита на филмот. Во повеќе национални проценки се зборува за

активност, дејност на филмските архиви, односно кинематографските архиви, или за дејност на кинотеките.

Во поглед на самиот вид добра, што се предмет на работа на кинотеките, односно филмските архиви главно се употребуваат изразите филм и филмски материјал, филмска граѓа, киноматографско наследство, подвижни слики и слично. Кај нас, со Законот за заштита на културното наследство беше прифатен изразот кинотечно добро, со цел да се направи прецизна идентификација на предметот на работа на кинотеката. Притоа, тој израз е прифатен како генеричен поим и има дефинирано правно значење, опфаќајќи ги не само кинематографијата и видеопродукцијата, туку и други насоки на подвижни слики со или без тон, без оглед на техниката на снимање, заедно со придружната документација.

Сега со предложениот закон за новиот израз аудиовизуелно добро, во основа е понудена истата дефиниција за поимот кинотечно добро, со минимални промени од редакциска природа. Накусо новиот поим го задржува приватното значење на постојниот израз кинотечно добро. Инаку, во одделни теории изразот аудиовизуелно добро, означува поширок поим, опфаќајќи содржини кои не се предмет на заштита. Токму поради тоа, истиот не е прифатен како правен поим со кој ќе се означува вид на движно културно наследство.

Со прифаќање на понудените решенија буквално на мала врата се прејудицираат решенијата од новиот закон од таа област, што е во фаза на подготовка. Стручната расправа по една работна верзија, на тој законски проект одржана во текот на месец јули 2007 година, на сите ви е познато, не ја потврди основаноста на воведување нова предметна терминологија во таа област. Всушност, тоа прашање сеуште не е до крај елаборирано, за да може да се официјализира во матичниот завод. Оттаму, понудените решенија се неиздржани и правно неотпорни.

Општата оценка за промените што се предлагаат во поглед на археолошките истражувања, веќе се наведени во делот за причините за донесување на законот. Веќе ги наведов.

Овде останува да се додаде осврт на самите решенија понудени во членовите 3, став 2, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, на Предлог законот со кој се предлагаат интервенции во членовите 11 точка 22, 55, 56, 57 став 1 и 5, точка 58, 59, 60, 61 став 6 и точка 62 став 2, точка 3 од постојниот закон.

Поимот рековносцирање во постојниот Закон во поимникот од член 11, во точката 22 е дефиниран според правните стандарди во археолошката наука. Тој означува вид археолошко истражување, што е различен од археолошкото ископување и како таков исклучува не само ископување, туку и какво било извлекување на наоди од земја, или под вода. Тој се состои од визуелна опсервација на теренот, заради потврдување на претходни сознанија од археолошко наследство на одредено подрачје и вклужува прибирање на површински наоди со соодветно документирање на самото истражување.

Сега со став 3, членот 3, се извинувам став 2, на Предлог законот, се врши редефинирање на тој поим, при што неговото правно значење се менува суштински и тоа со додавање на контролни сондирања, како негова целосна содржина, со оглед дека тие се дадени алтернативно. Така, според предложеното решение тој поим може да опфати или само површинско согледување, или само контролно сондирање. Меѓутоа, на друго место во членот 9 став 1 од Предлог законот во таму понудената дефиниција за поимот археолошко истражување, поимот рековносцирање е сфатен различно како посебен вид археолошко истражување, што се разликува од археолошкото ископување сондажно, заштитно, системско.

Значи поимот рековносцирање, според новите дефиниции би требало да има две различни правни значења и тоа токму во матичниот закон. Тоа се разбира, правно не е одржливо, па предлагачот ќе мора да определи, или да ја почитува археолошката наука и нејзината методологија, или ќе прави правен преседан. Инаку, правењето сонди е еден вид археолошко ископување, познато под називот сондажно ископување. Тоа како такво, спаѓа во групата на деструктивни методи на археолошки истражувања, а е различно од рековносцирањето, како недеструктивен метод, па оттаму, поимот рековносцирање не вклучува ископување, макар тоа било и контролно сондирање. Воведувањето на изразот контролно сондирање, како нов законски израз и поим има за цел да предочи наводно постоење разлика, наспротистандардниот израз сондажно ископување. Притоа, неговото позиционирање, како самостојна содржина на поимот, во заднина има сосема друга цел. Конкретно, на археолозите ќе им се отвори нова правна помош во форма на рековносцирање да можат да вршат неконтролирање ископувања, да можат да вршат од помал или поголем обем, што ќе се случи според нивно наоѓање и потреба, без никаква претходна најава, или прејудицирање, каде, кога и во кој обем ќе се прави тоа контролно сондирање.

Отворање на таква правна можност, објективно ги намалува законските обврски на археолозите, кои ќе вршат такво ископување, како во поглед на подготовките, така и во поглед на отчетот и контролата, особено во поглед на движните наоди и документирањето. Со други зборови, таквата можност крие голема опасност за археолошко наследство, особено поради легалното стимулирање на дејствата, секогаш и секаде, кад што ќе се стигне во Република Македонија, објективно не можат да бидат предмет на овластена контрола. Со тоа директно се отстапува од обврска за обезбедување задолжителна супервизија на ископувањата и другите видови археолошки активности утврдени во член 3, точка 1 од ревидираната Европска конвенција за

заштита на археолошкото општество, поточно Унесковата конвенција од 1970 година, член 5 став 1 точка Г од Конвенцијата.

Поимот археолошки истражувања, во постојниот закон во членот 55 став 1 е објаснет преку набљудување на позначајните видови археолошки истражувања, во одредба што се однесува на издавањето дозвола за археолошки истражувања.

Во членот 9 на Предлог на законот, меѓу другото се предлага нова дефиниција за тој поим дадена како посебна одредба. Формално-правно, одредба што не вклучува други елементи, туку се исцрпува во дефинирање на односниот поим, треба да биде систематизирана во поимникот на законот. Во случајот, со нејзино оставање на предложеното место, се отстапува од начелото за систематизација на правните норми. Во суштинска смисла, понудената дефиниција бара целосно преиспитување, со оглед дека вклучува и поими и содржини што не се предметни на самиот матичен закон.

Имено, предмет на дефинирање можат да бидат содржани што се релевантни за правните односи во врска со археолошките истражувања, а не и содржини што се надвор од предметот на уредување на самиот предметен закон.

Во таа смисла, правиот поим археолошко истражување, не може да ја опфати ниту археологијата, ниту геофизичките истражувања, георадарските истражувања и слично, како што се беспредметни и сите кабинетски, односно не теренски истражувања. Тоа значи дека правното значење на поимот археолошки истражувања треба да се сведе на тоа што е предмет на дозволата на вршење на таквите истражувања.

Инаку, поимот археолошко истражување е веќе дефиниран во постојниот Правилник за археолошки истражувања од 2005 година.

Од таа гледна точка, останува нејасна смислата за самото дефинирање на предметниот поим во предметниот закон и на предметот.

Дотолку повеќе што постојната дефиниција од наведениот правнилник е стилизирана според дефиницијата на пораката од УНЕСКО за меѓународните принципи што треба да се применуваат при археолошките истражувања и другите релевантни акти од оваа област, особено актите од Меѓународниот совет за споменици и место.

Во постојниот Закон во поглед на лицата кои што можат да раководат, археолошките истражувања како генерички поим е прифатен изфразот “овластен истражувач”, означувјќи посебен статус. Значи му се дава посебно место.

Наспроти тоа за лице кое раководи со конкретните истражувања се користи изразот “раководител на археолошките истражувања” односно раководител на истражувања.

Со Предлогот на законот пак се нарушува таа терминологија и се воведува изразот “стручен раководител на археолошки истражувања” меѓутоа на тој нов израз му се дадени две различни прави значења. Еднаш има статус со значење што го има сегашниот идраз “овластен истражувач”, а другиот “раководител на истражување во конкретна акција”. Со тоа без никаква причина се предлага поим на конфузија таму каде најмалку ни е потребно.

Во заднина на таквата промена содржината во член 10 од Предлогот на закнот се две контрадикторни тенденции. Имено, како значајна новост се предлага укинувањето на системот на акредитација за раководење со археолошките истражувања преку бришење на одредбите за добивање на лиценца за археолошки истражувања, предмет само за лицата кои што имаат научни стручни и изворни стручни звања во предметните дејности.

Од друга страна правото на раководење со арехолошките истражувања се ограничува само на лица со висока стручна спрема, дипломирани археолози кои што имаат одредено теренско искуство во дипломирањето. Притоа во првиот случај проблемот е тоа што на прашањето на системот на акредитација е директно спротивен на член 3 точка 1 од Конвенцијата од Лавалета од 1992 година, ратификувана 2005 година, според кои државата се обврзала дека ќе примени процедури за авторизација на ископувањата и другите археолошки активности.

Изгледа сите сте со активности, како да ги замори, гледам и министерот излезе...

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам, го повикувам министерот да влезе во салата, а бидејќи и природно направивме пауза,

Почитувани колеги, согласно договорот меѓу пратеничките групи денеска без пауза ќе работиме до 15,00 часот, така да вие можете да продолжите со својата дискусија.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Патем, во таа смисла веќе е донесен посебен Павилник за полгање испит за добивање на лиценца и веќе се издадени неколку лиценци за археолошки истражувања.

Во вториот случај проблематично е тоа што со правото на раководење се исклучени сите генерации кои дипломирале на соодветната Катедра на Скопскиот универзитет со оглед дека нивните дипломи гласат “дипломирани историчари на уметност по археологија”, со други зборови до колку остане предложеното решение во иднина со археолошките истражувања ќе може да раководат само лицата кои дипломирале археологија во Белград, Загреб, Софија или други места во странство, како и новите генерации археолози на Скопскиот универзитет со таква диплома.

Во поглед на странските истражувчи се предлагаат контрадикторни промени но повторно со контрадикторни определби. Така, во член 10 став 1 од Предлогот на законот на странско правно и стручно лице му се признава правото да

биде носител на дозвола за археолошки истражувања под одредени услови.

Од друга страна со одредбата на членот 11 на Предлогот на законот тоа право им се одзема и тие можат да бидат само учесници во истражувањето.

Практично можност за  странците остануваат единствено самостојните археолошки мисии предвидени во постоечките одредби во член 57 од законот, што остануваат непроменети. Тоа значи дека физичките лица, археолози од странство во целост се исклучени од правото да бидат носители на дозволата, додека правните лица можат да го имаат тоа право само ако организираат самостојна мисија без учество на домашни институции.

Во случајот останува нејасно зошто се укинува помалото право кое подразбира учество на домашни институции.

Парадоксот да биде поголем се предлага стручен раководител да може да биде само државјанин на Република Македонија, дури и во ситуациите носител на дозволата е странско правно лице, кога Владата определува посебен национален координатор. Евидентно, станува збор за некомпатабилни одредби. Инаку, според предметната препорака на УНЕСКО од 1956 година  условите на странците истражувачи би требало да бидат истите тие што се прават и за домашните археолози, член 14 од препораката.

Во законот чие донесување се предлага  меѓу другото се предвидува намалување на обврските во поглед на истакнување на условите за добивање на дозвола за археолошки истражувања.

Во членот 12 од Предлогот на законот се предвидува обврската за изготвување програма наместо план за ахреолошки истражувања.

Во слуајот станува збор за напуштање на правно надгледниот документ чија содржина е сосема различна од таа на програмата. Со тоа директно се  подрива не само професионалниот однос при подготовките за извршувањата, туку и се намалува можноста за подобар увид и контрола од страна на органот што ја издава дозволата.

Слично на тоа се предлага укинување на обврската за јасно декларирање за улогата на секој член на стручниот тим што учествува во истражувањето, како и обврската за приложување на докази за неговата квалфикуваност. Таа обврска се предлага да биде сведена на давање на обични податоци на лицата кои учествуваат во истражувањето, со што потоа се отвора можност за враќање на старите состојби кога во истражувањето може да учествуваат било кои лица без никакви контролни механизми. Тоа е страшна работа.

Во истиот член од Предлогот на законот се укинува обврската за договорно укинување на односите меѓу носителот на обврската и сопственикот. Поточно, таа се сведува на приложување документ за меѓусебните односи. Во случајот поимот “документ” останува правно недефиниран и не пружа никаква правна гаранција за сопственост.

Таквото решение е во полза на археолозите затоа што дозволува воспоставување неформален однос со сопственикот, без никакви правни облици и токму поради тоа отвара можност за манипулација на штета на правото на сопственост. Сопственост, правната сигурност и самото археолошко наследство.

Во истата група спаѓа и предложената измена во член 13. Претпоследен став од Предлогот на законот со која се укинува обврската за доставување на финансиската документација од археолошките истражувања, а се воведува селективна обврска што се однесува само на документацијата на археолошките ископувања.

Подвоените истражувања и другите истражувања што не се ископуваат се предвидува ослободување од обврската за доставување на документацијата.

Во членот 13 од Предлогот на законот меѓу другото се прави евидентно нарушување на начелото на правната сигурност. Така носителот на дозволата и стручниот раководител се ставаат под исто рамниште од една страна и се прави поделба на законските обврски во врска со истражувањето.

Притоа, носителот на дозволата се ослободува од клучните обврски при истражувањето, а нив ги презема стручниот раководител. Меѓутоа, таквото предложен решение го пренабрегнува фактот дека со дозволата се воспоставува правен однос меѓу органот што ја издава и носителот на дозволата. Во тој правен однос раководителот не е странка.

Исто така, проблематично е и предложеното решение за договорно уредување на односите меѓу носителот на дозволата и стручниот раководител ако тие не се исто лице.

Таквото решение може да важи само за раководител, што е надворешен соработник, а не е вработен во институцијата носител на дозволата.

Накусо со предложените решенија се нуди правно покритие за можните дубиози и можност за изигрување на самите прописи.

Со дополнување предложено во членот 15 од Предлогот на законот се нуди можност свесно заобиколување на надлежниот музеј на чие подрачје се вршат истражувањата. Во таа смисла се предлага можност да му се предаваат на времено чување на друг музеј надвор од веќе предвидените рамки од член 61 од законот.

Со тоа се отвораат можности за големи игри во поглед на движењето на археолошките наоди. Гледано во целина, делот на археолошките истражувања бара целосна преработка, меѓутоа во случајот уште позагрижувачко е тоа што понудените промени се направени со таква несфатлива леснотија и импровизација, би

можело да се рече, како и сочувство на чувство на систем и професионализам.

Односите меѓу просторните и урбанистичките планови од една страна и актите за заштита од друга страна во членот 70 на постојниот Закон се уредени балансирано токму според начелата на интегрираната заштита. Меѓутоа, со промената предложена во член 17 од Предлогот на законот, постојниот биланс на јавниот интерес од двете сфери се нарушува. Притоа, се предлага заштитата да биде надредена над плановите односно Службата за заштита да има поголема комоција во процедурата за носење на актите за заштита, вклучувајќи ја и можноста со актот за заштита да се предвидат граници и регии на заштита, што се спротивни на веќе усвоениот Урбанистички план.

Тоа значи дека се предлага можност со актот за заштита да се суспендира урбанистичкиот план само затоа што Службата за заштита благовремено при подготвувањето на заштитно конзерваторските услуги како подлога на планот не успеала да ги направи неопходните согласувања, или со други зборови се предлага актот за заштита да биде надреден на просторните и урбанистичките планови. Меѓутоа смислата на интегрираната заштита е токму во потребата од благовремено вклучување на културното наследство во соодветни видови просторни и урбанистички планови, но не и во можноста да се спречува реализација на плановите или да се прави нивно суспендирање само заради нечие неодговорно однесување.

Постојното законско решение во членот 74 ги регулира ситуациите кога не е донесен соодветниот урбанистички план, а треба да се преземат соодветни интервенции на одредени услуги. Меѓутоа, со член 18 од Предлогот на законот се предлага отстапување од постојниот сооднос меѓу заштитно конзервативните основи и урбанистичките планови, па се отвора правна можност планот да не содржи заштитно козерваторски услуги.

За таквите ситуации е понудено можно излесно решение, меѓутоа овде станува збор за очигледно непознавање на постојните системски решенија...

Уште малку, нема да ве замарам, се извинувам, мислам дека ...

(Реакција на некои пратеници од место).

Не, не воопшто да не се плашите за мене, бидејќи ние сме такви, воопшто немајте страв.

**Иван Анастасовски:** Ве молам продолжете.

**Благородна Цветковска:** Овде станува збор за очигледно непознавање на постојните системски решенија во предметните закони.

Со оглед дека заштитно конзервативните и конзерваторските основи задолжително се вклучуваат во плановите, а заштитата на културното наследство е задолжителна содржина на плановите и според Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во таа смисла со предложеното решение се нуди коалиција на правните норми.

Мислам, сепак сослушајте ме, ќе имате три минути време и простор да се договорите.

(Дофрлување на некои од пратениците од место).

**Иван Анастасовски:** Ве молам продолжете.

**Благородна Цветковска:** Освен тоа со таквото решение се отстапува обврските предвидени во членот 10 од Конвенцијата за заштита на архитектонското наследство на Европа. Во членот 75 на постојниот Закон доследно е применет уставниот модел на заштита при што во поглед на видот на актите што ги издаваат преку добивањето на решенија за локација е направена јасна градација во поглед на добрата што се под режим на посебна заштита наспроти тие што се под режим на гарантирана заштита. Во случајот со членот 19 од Предлогот на законот се предвидува отстапување од уставното решение на правниот режим да сите категории добра преку нивно подведување под режим на претходно заштитно конзерваторско одобрение.

Наместо мислење и согласност, како што е сега, се предлага издавање на претходно заштитно конзерваторско одобрение. Значи, се предлага воведување на облигаторен вид, претходен акт што ќе го ограничува мериторното одлучување на органот што го издава решението за локациски услови.

Улови кога сеуште не е завршена категоризацијата на културното наследство, до колку постојат проблеми од оперативна природа, може да се понуди соодветно решение во преодните одредби на законот, што би биле поврзани со членот 75 од Законот.

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека предложените решнија вопоглед на интегрираната заштита, се целосно неприфатливи.

И покрај тоа, почитувани колеги пратеници штојас не сум стручњак,не сум археолог, меѓутоа толку многу и толку опстојно ја проучив оваа материја, така што некои воопшто не го ни отвориле материјалот, барем да се погрижат да го прочитаат и да ги ентерисира националното наследство и добро на оваа македонска земја, а по тоа се познава колку е богата една земја. Затоа вака опстојно, бидејќи не сум компетентна, морав да го прочитам за некаде да не утнам со некој член од одредбите, но имам близок член во семејството кој добро ги познава, а покрај тоа и јас. Колешке Куновска ако имате нешто повелете и покажете, дајте предлози, а не вака празна сала а ние зборуваме. Во што е придонесот во владеачкото мнозинство, кажете сега. Треба да се срамиме од оваа македонска јавност. Пликовите се затворени, весници овде се на маса и ние овде сега ќе кажуваме зошто сум зборувала предлого. Затоа сме тука, почитувани пратеници за д аможеме да дадеме свој придонес. Ако некого навредив нека опрости. Меѓутоа, јас и на минситерот најубаво му се обратив, на потпретседателот, на вас почитувани пратеници.

Благодарма што имавте трпение да ме сослушате.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, ова е дискусија или разговор помеѓу вас двете.

**Благородна Цветковска:** Со никого. Јас се обраќам до сите пратеници.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај јас ги молам другите пратеници да не попречувате.Продолжете.

**Благородна Цветковска:** Затоа и вака се обратив, бидејќи ова е еден од многу битните закони и не би требало така да помине без дискусија во овој законодавен дом. Затоа ги молам пратениците од парламентарното мнозинство нека имаат трпение, нека седнат, нека ги погледнат законите кои се пред нас и секојдневно доаѓаат, па нека бараат и стручна помош, но овде нека покажат нешто, нека бидат барем присутни, со тоа да не почестат. Затоа народот не избрал да бидеме присутни, да даваме дел од нашите придонеси, а не вака со иронија, со потсмев. Меѓутоа, јас воопшто не им замерувам на тие, бидејќи иронијата е во нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеник Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Јас сакам да кажам дека колешката не само што ги натера пратениците од позицијата да излезат од салата, туку и нејзините колеги од опозицијата ја напуштија салата, бидејќи повеќе од еден час, не дискутира туку чита готов материјал што очигледно некој и го подготвил и и го дал да го чита,неводејќи сметка дека премногу овој аудиториум овде го замара. Според тоа, ние немаме ништо против, ниту како позиција, ниту како опозиција, ние како парламентарци, некој да стане и да даде свој придонес за било кој закон, но тука да се читаат готови текстови и некој да тврди дека дискутира, тоа не ево ред. Јас прифаќам, секој да стане и да даде свој придонес но 10 до 15 минути да говори, ане повеќе од еден час да чита нешто готово што други го напишале. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Колешке, никој не може да ми напише и готов текст да читам. Тоа ви го тврдам. Меѓутоа, од област од која немаш доволно аргументи и податоци, мораш да се послужиш, да се консултираш со одредени личности. Затоа немојте да бидете толку сигурни, можете и вие тоа да го направите. Секогаш јас во моите дискусии сумкратка во своите изјаснувања, но сепак сметав дека ова е многу значајно за културното наследство на оваа земја. Затоа малку можеби и предолго дискутирав,но се во интерес за оваа земја Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Веле Митановски, повелете.

**Веле Митановски:** Јас сум сега малку хендикепиран, прво поради грлото што ми откажува, второ што ќе се обидам да говорам неколку минути и трето што колешката ни ја испразни салата.

Но, еден умен образован и писмен човек кој очигледно знае каде е папакот на светот, деновиве во својата колумна не покара или не подучи да настапуваме од говорницата и јас ја прифаќам неговата забелешка и апелирам во иднина барем министрите, или барем министрите кога се тематски точките, да го чинат тоа. Не говорам сега за вас почитуван министер, вопринцип, говорам, еве ќе посочам и конкретно, како што тоа и понај мал повод го чини министерот Маневски, министер за правда.

Ние законот го менува самопосле две години, бидејќи почна да се применува од 2004 година, меѓутоа дозволете јас сосема кратко да кажам зошто треба да се подржи законот за измени на Законот за заштита на културното наследство, со Предлог на закон.

Најнапред, можеби формално, треба да се подржи за да се усогласат одредбите и процедурите, дури и во терминолошка смисла, како што се кинотечна дејност или добро со аудиовизуелна уметност или добра, затоа што во меѓувреме некои нешта, па дури и во терминолошка смисла времето ги прегазило.

Понатаму, треба да се подржи затоа што со него се обезбедува поедноставување на постапката, т.е. компликуваните постапки во однос на постојниот Закон, барем според мене во две значајни сфери, тоа се археолошките истражувања и интеграционата заштита. Кога говорам за интеграциона заштита, пред се мислам на соработката со институциите во локалната власт.

Трето, се обезбедува погоелм ред и заштита во археологијата иако слушнавме поинакви мислења, но јас ќе кажам во поглед на нелегалното копање или дивите копачи и во поглед на контролата над субјектите што вршат археолошки истражувања. Имено, со новиот закон секое истражување ќе бид еобезбедено со раководител, но раководител домаќин, значи од земјата домаќин. Мислам дека до сега не беше така. Особено кога беа во прашање странските субјекти. Зошто ова е битно? Затоа што нема да го ограничуваме странскиот субјект да истражува, но и да финансира и нема да ставаме брана пред странските искуства.

Јас за разлика од госпоѓата Каревска Топузева, сум лаик во оваа област, но ќе ми дозволите да кажам.

Ако може да се одбере момент за ваков закон и за вакв аобработка, барем во делот на археологијата, мислам колешке Топузова, сега е вистинскиот момент, мислам на Паскал Кузман, лаик сум но 40 години го знам Паскал Кузман.

Зошто треба на странците да им се даде контролирана можност за финансирање и истражување. Вие знаете повеќе од мене дека Шлиман и дека ја откри Троја, исто како и Микена, исто како и Минајската палата на дворот на Крит. Вие подобро од мене знаете дека британците финансираа и стигнааа до Тутанкамон, или на наш терен, во мојот Охрид, токму италијанските конзерватори се тие што на светлото на денот или пред нашите очи го извадија за презентација богатството во Света Софија, се разбира со нас и стручњаци, се разбира со мојот  Охриѓанец претседателот на МАНУ, господинот  Грозданов.

Четврта причина, според мене, иако не помалку значајна е  хармонизацијата со европското законодавство. Доста говореа колешките, доста говореше почитуваниот министер, ги цитираше препораките и јас тука поподробно нема да се задржувам, сакам да кажам само, бидејќи не беше спомнато и поради соработката со УНЕСКО. Овде почитуван минситер сакам да упатам апел до вас, можеби јас не ја знам добро работата, можеби мојата перцепција е само од медиумите, меѓутоа, имам впечаток дека Националната комисија за УНЕСКО не работи доволно или не работи толку доволно колку што работеше, еве ќе кажам сосема одговорно, во времето на претходниот министер кого често сум го критикувал во печатот, меѓутоа по ова прашање Националната комисија работеше, јас имав чест да бидам член и одржувавме состаноци, да кажам, по мое барање, во Охрид, во други градови и т.н., тематски и би сакал до колку сум во право да укажам за поголема активност на Националната комисија на УНЕСКО.

Сакам да дадам поддршка и во делот на казнената политика со воведувањето на глобите и повисоките казни. Сакам да дадам подршка во делот на презентацијата на културното наследство. Сакам да ве потсетам на милениумската востановка во Метрополитен, музејот во Њујорк. Таму од Охрид патуваа Свети Матеј и Света Богородица од 14-от Век. Тоа се два вредни споменици од збирката на средновековни икони со која можат да се споредат само збирките на Третјаковската и Синајската галерија. Значи, без оваа збирка во Охрид не може денес во светот да се замисли ниту еден позначаен настан. Тука не ги обезвреднувам ни таракотите од Виница и т.н. Но, сакам да поддржам, бидејќи мислам, толку колку штојас разбирам, дека овој закон ќе направи ред по ова прашање, усогласен ред со европските процедури и мерки на заштита. Имено, не може иконите од Охрид, како до сега, да одат во придружба на некои нови лажни политички икони кои, кога тие патуваат во Рим или во Париз, да не им ги споменувам имињата, знаете за кого станува збор. Значи,не може секому како што ќе му текне да ги изнесува без несоодветна заштита, туку со соодветен сертификат на Управата за заштита на културното наследство.

Уште една причина за поддршка, иако фрагментарно се третира прашањето, тоа е реституцијата. Јас навистина, немам амбиции дека со овој закон ние ќе ги вратиме културните добра одземени од Република Македонија, меѓу нив и од мојот Охрид, да речеме од двете Требенички златни маски кои се наоѓаат во музеите во Белград и во Софија, дека ќе го вратиме половина Стоби од Белград. Не верувам дека ќе ги вратиме Дверите на Свети Климент или Митрата на Свети Климент од Националниот музеј во Софија. Но, верувам дека и со овој закон или по повод овој закон, ќе го сензибилизираме, ќе го подигнеме на повисок степен светското јавно мислење, на начин како што тоа го правеше една Мелина Меркури од Грција, која не се прослави по тоа што беше министер или пред тоа актер, толку колку што се прослави кога бараше да се вратат ризовите од Атина. И сега светот знае дека каменот тежи онаму каде што му е местото. Затоа, јас почитувани колеги барав одкраднатите резби од Охрид да се вратат во Охрид. Премиерот Груевски кажа дека наследил, потврди дека има во кабинетот една гарнитура, но сеуште не добивме гаранција дека ќе биде вратена.

Јас сега од ова место, иако не е присутен, би сакал да го замолам поранешнио тпремиер, другарот Бучковски, да каже каде се преостанатите две гарнитури. Зборував за тоа во едно пратеничко прашање, сега да не потсетувам.

Последната причина е, овде ќе бидам личен, тоа што, како што реков, барем во археологијата, од кадровски аспект токму сега е моментот да се донесе овој закон, знаете на кого мислам и на која институција. Министерот тоа го спомна во делот на урабанизацијата на просторот.

Јас се сеќавам порано во Охрид, без мислење на Заводот и музеи,не смееше да се постави темел на куќа, барем во старот градско јадро. Сега таму е еден хаос.

Господине министер, до колку во оваа сфера решенијата не ви се децидни, според мене не ви се децидни, ве молам ако има простор да посветите поголемо внимание, бидејќи никој во Охрид повеќе не ви верува вам, на Министерството за транспорт и врски, не ми верува мене како учесник во власта, значине ни веруваат од власта дека имаме искрени намери да се справиме со урбаната мафија, бидејќи, наместо да жигосаме еден кинески ѕид, до него расте друг и веќе во Охрид, извинете, се говори дека некои наши институции се сраснати со хаосот и со урбаната мафија во Охрид. Инаку, не може да се случи, при толку зборувања овде и мои и на колегата Цветко, таму ништо да не се презема и да ескалираат состојбите.

Ви благодарам на вниманието. Ако нешто поминав повеќе од 10 минути, се извинувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три мунути реплика за госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Некои работи да ги разјасниме со колегата Веле Митановски. Имено, во голем дел се согласувам со неговата дискусија. Впрочем и јас дадов подршка околу хармонизацијата, меѓутоа, некои работи, почитуван колега, очигледно дека не бевте во право затоа што странските истражувачи и во постојниот Закон, прочитајте го членот 57, ставовите 1 и 2 јасно се дефинираше како можат да учествуваат странски научни установи и одделни странски научни работници дури во ставот 2 вели дека по исклучок особено предвидени случаи на странска научна установа од областа на археологијата итн, може да и се издаде дозвола за археолошко истражување што се извршува како самостојна археолошка мисија.

Овде во новиот закон измешани се, почитуван колега, членовите 10 и 11. Во членот 10 вели по исклучок утврден со член 57 носител на дозвола може да биде странско правно и физичко лице. Може да биде, за веднаш потоа во член 11 да каже можат да учествуваат истите тие, да учествуваат, а не да бидат во археолошки истражувања само ако работите ги изведуваат во соработка со правните лица од членот тој и тој. Значи, за истото говориме. Овде е лошо дефинирано. Едниот со другиот член се контрадикторни почитуван колега.

Што се однесува за примерите што ги споменавте, соработката со странските институции - истражувачи, ја сметам во насока на размена на искуства и знаења, ништо повеќе. Јас исто толку колку, не говориме за времето Шлиман и Еванс, говориме за друго време. Јас со исто толку голема почит и им верував на колегите врвни истражувачи меѓу кои колегата Цветан Грозданов, Иван Микуљчиќ, моментално верувам во она што се работи на Скопско Кале под раководство на д-р Драги Митревски. Нам не ни требаат од тој аспект. Нашите стручњаци, доктори на наука се доволно стручни и компетентни за да можат да откријат наоди кои се на рамниште за нашата Македонија повисоко и од една Троја и Микена. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Ни на крај памет не ми е да ги обезвреднувам нашите експерти дури кажав дека сум имал чест со еден од врвните да другарувам барем 40 години.

Јас исто така кажав дека сум лаик во однос на познавањата на госпоѓата колешка, бидејќи таа е експерт, стручњак во таа област. Јас можам да говорам подецидно за некои други нешта и други подрачја на општественото живеење.

Јас зборував за новиот закон, му се обратив на министерот некои одредби да ги допрецизира и повторувам, јас и пратеничката група на НСДП со задоволство ќе го поддржиме законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе,

Јас ќе го испочитувам господинот Веле Митаноски дека колегите ќе треба секогаш да излегуваат на говорница, а со тоа впрочем да укажуваат на својата преподобност и подобност во однос на материјалот и во однос на реторичкиот дел по законот.

Почитуван министер за култура, почитувана драга колешки од Заводот за заштита која така ревносно заедно со господинот Паско Кузман го работевте овој Предлог за дополнување на законот кој, се согласувам со господинот Паско Кузман, дека беше сериозно време за Предлог за дополнување. Јас секогаш ќе кажам дека Македонија е една, пред се голема историска археолошка карта и постојано ќе говорам до крајот на својот мандат дека кога ќе нема доволно економија и пари во Буџетот и кога ќе нема доволно во инвестиционите фондови секогаш ќе биде културната политика, културата која и како ќе даде добробит за т.н. културна и индустриска политика која впрочем секоја држава треба да ја води.

Она што ми се чини дека е значајно и е за пофалба во Предлогот за дополнување на законот за заштита на културното наследство е она што ми се чини фалеше до сега, а тоа е дополнување со европската легислатива која, впрочем би рекла дека малку повеќе од делумно е застапена. Она што археолозите конечно ги засега што е она што значи стручност, подобност за добивање на стручна дозвола, што е она што е археолошко ископување, дефиниција рекогносцирањето на површинскиот слој од земјата итн и особено во делот за пофалба за движните и недвижните културни, духовни добра кои ги имаме, враќањето назад, некој тоа го напомена мислам колешката Топузова, конечното враќање во минатите два века кои се и те како заминати не само во Софија и во Белград, јас би рекла во новиот век многу повеќе заминати и во Солун.

Проблемот на Македонија со археологијата е токму проблемот со, би рекла, дивите копачи, а се она што е правна легислатива, мислам дека имаме време и понатаму со дополнителни законски аргументи и со подзаконски акти да ги дозавршиме.

Она што ми се допаѓа е можеби во делот на стручната подобност, што е тоа стручна подобност, но тука се согласувам во еден дел, добивањето на дозволата на стручниот раководител е добро детерминирано како синтагма. Но, она што ми се чини дека може да се создаде еден правен вакум е во делот на што е стручна подготвеност, што е стручна подобност на добивањето на дозволата на стручниот раководител.

Се разбира во Македонија Стоби, Хераклеа, Вардарски Рид, Плаошник, беа археолошки

наоѓалишта. Меѓутоа, не секој можеше да копа. Се знае дека стручните луѓе од Филозофскиот факултет, од Институтот, но сега имаме една нова методолоција која се вспириема и која сметам дека е за пофалба на оваа Влада, а тоа е дипломираните студенти на Факултетот за археологија да можат да бидат дирекни учесници во ископувањата.

Сега во иднина стручниот раководител ќе мора, дефакто, да подготви сериозен план и програма.

Во оној дел што госпоѓа Роза имаше сериозен прашалник е тоа дека стручниот раководител може да биде и дипломиран археолог со искуство од 12 месеци по дипломирањето. Навистина, кога еден човек на пример кога еден локалитет од типот на Стоби, Хераклеа ќе дадете или на Скупи ќе се запрашате дали е возможно еден млад студент штотуку дипломиран наеднаш да ја откопа земјата, да ги извади добрата, да ги архивира и по година дена да ги даде во стручна установа или да ги документира, од тоа да направи книга, студија итн.

Точно е дека вака кога го читате законот постои, но ми се чини дека тој дел ќе можеме да го регулираме во делот на планот и програмата. Значи, не секој, ако Дирекцијата за заштита на културно наследство ја издава таа дозвола ми се чини дека тој план и програма кој нема да значи план и програма само на колку учесници ќе копаат, дали тие учесници се стручни по тој и тој вид, дали некој е конзерватор, дали е стручен по друг вид и што велите некој документарист, туку планот и програмата ќе значат во кој дел како ќе се копа. Тоа вие одлично го познавате.

Значи, ми се чини дека релевантно ќе биде како еден министер кој треба да рече или еден директор на агенција кој ќе рече јас во иднина планирам тоа и тоа да го правам. Исто ќе треба да биде стручниот раководител, бидејќи ќе видиме дека во казнените одредби доколку тој план и програма не ја спроведува како што треба, има сериозни казнени одредби и на стручниот раководител, не ме држете за збор, има одземање на дозволата, има забрана за вршење на должноста итн.

Во делот на казнените одредби, ви благодарам што Дирекцијата конечно ја прифати она што и во економијата го имаме конечно, а тоа се глобите, но тоа требаше и во казнениот дел, според мене, да оди во многу повисоко рангирање, 2000, 3000 евра, тоа е ништо, вие знаете дека дивите копачи на Исар - Марвинци, на Вардарски Рид, дел од големите добра што беа пронајдени заминаа по темници во Солун кај големи богаташи замина дел од најдоброто културно наследство од Македонија.

Затоа ми се чини дека она што значи членот 11 став 1 во точката 22 во која поимот рекогносцирање значи потврдување и точност на сознанијата на оној дел што значи претходно извидување на одредената месност.

Мислам дека препознавањето на тој определен простор по пат на површински или контролни сондирања нема да значи длабоки сондирања да можат дивите копачи да дојдат и да речат да, слушајте овде има вакво и вакво погребение, сега ние можеме да дојдеме да го ископаме, да го земеме ова добра и се разбира да замине во рацете на луѓето кои се занимаваат со такви криминални трансакции. Не само тоа, туку целта е со минималното површинско сондирање, расчистување на одделни делови на теренот кои биле предмет на истражувањата да се добијат што е можно поголем фонд на информации, точни, утврдени, поголеми и подлабоки како сондажни исколувања и системски ископувања.

Она што збунува во овој член е дистинкцијата помеѓу трите вида на археолошките истражувања реков рекогносцирање, сондажи и систематските ископувања кои се направени во Правилникот за археолошки истражувања кои исто така мислам дека Дирекцијата е во процедура за измени и дополнувања и утврдени со методологијата за археологија.

Значи, нема основ да тврдиме дека со минималното површинско сондирање ќе се остави простор на дивите копачи тие во најголем дел да ги напаѓаат локалитетите или понатаму да се служат со информации односно со одредена документираност која можат да ја изнесат надвор од земјата итн.

Она што е значајно е како таа дозвола ќе падне на вистинскиот човек. Повторно велам без претходна анализа на стручниот раководител, дали тоа ќе биде магистер по методологија кој има веќе магистрирано, дали ќе биде доктор на науки, дали ќе биде студент кој дипломирал, има 12 месеци работно археолошко искуство на терен, бидејќи, внимавајте, до сега со лиценцата можеше да има разно разни забуни. Со лиценцата можеше да се полага теоретски испит, но не можевме да знаеме каков е неговиот практичен дел. Тоа исто како хирург кој треба да го отвори телото и треба да дијагностицира дека е некакво канцерогено заболување и тоа треба веднаш да се излечи. Значи, носителот на дозвола дефакто мора да знаеме дека тој момент е главниот хирург и тој ќе треба да ја каже програмата нема да копаме одоздола од Плаошник, ќе копаме одозгора и ќе знаеме дека по некакво претходно сондирање на земјата токму овде може да се најде можаик итн. Тука имаме некакви дедуктивни методи кои подобро ги знаат археолозите во однос на земјата кои треба претходно носителот на таа дозвола да ја даде до Дирекцијата во вид на план и програма и конечно, таму има добар стручен тим да разгледа каква е таа план и програма, со какви стручни луѓе ќе работи тој стручен раководител.

Она што е во делот на подводните истражувања, по малку сум скептична, бидејќи мислам дека подводната археологија и тоа како е еден сериозен тренд во Европа особено Словенија и Хрватска. Неколку пати сум кажала еве ние го правиме музејот на подводна археологија, но добро е што конечно започнуваме со една таква методологија која во делот што е зацртано во

Министерството за екологија и во Законот за еко делот на Преспа и Охрид ќе можеме да изнајдеме предмети во водата кои така се останати од старите населби. Да речеме делот од Преспа претставува поголемиот дел на Преспанското Езеро подводна археологија во која имало многу стари населби. Тврдам дека и дел од Охридското Езеро има такви, но со овој дел на методологија ќе овозможиме да ја возобновиме или да ја устоличиме таа подводна археологија.

Би зборувала за валидноста на зборот "дозвола", тоа значи дека може да биде поединец, установа, музеј, но во оној дел што госпоѓа Роза Топузова Каревска можеби по малку ја збунува, е делот на меѓународните институции кои ќе можат да придонесат во делот на археологијата.

Сакам да кажам дека меѓународните институции тие и досега работеле и имале дозвола со стариот закон,но она што збунува е во делот дека претходно можел да добие дозвола, а дека потоа ќе биде со дел од стручниот тим на раководителот. Што се случува во овој момент? Тие ќе можат да помогнат во делот на вложување на свои средства. Како? Еве да кажеме еден од примерите на Вардарски Рид. Ако стручниот раководител овозможи екипа на стручни археолози познати професори од Америка, Полска, Чешка, тие да бидат дел од тимот кои ќе работат на самиот терен, дали тоа ќе биде конзерваторскиот дел и тоа е добро, тоа се прави во вид на некаква школа, нивни семинари и тие дирекно учествуваат во помагање на дооформување на тој локалитет или доусовршување на дел на локалитетот.

Точно е, постои таков вакум кој, дали тие ќе добиваат дирекна дозвола, што би можело да биде малку непријатно, или ќе можат да бидат дел од составот во работата на стручниот тим. Единствена практика за тоа ја имаше Вардарски Рид, имавме тим од 30-тина странци еминентни професори кои секоја година доаѓаа и помагаа во тој дел. Во делот на наоѓањето на добрата јас навистина сметам дека она што ќе се најде не треба долго да се седи кај раководителот, туку тој веднаш, по правило треба да биде документирано. Тие имаат тим на документација кој тоа ќе го прави, но ми се чини дека таа документација, ако не е направена веднаш под итно треба да се однесе во музејот, еве како што кажа госпоѓа Топузова во Прилеп дали ќе се однесе во најблискиот музеј ако не да се однесе во Дирекцијата за заштита на културното наследство и тоа да се детерминира од кој век е, што е, кому припаѓа. Ако не го детерминира стручното лице да се врати во музејот во Прилеп, во музејот во Битола итн.

Не се согласувам во делот од поранешниот закон во кој можеше археологот да чува. Видете, има археолози кои ќе ископаат нешто, знаат дека тој предмет е вреден, но не знаат да го детерминираат. Значи, не знаат научно да докажат што е тоа. Се сеќавам на еден момент кога беше најдена свештеничката од Исар - Марвинци, па кога се најде една, имаше дел од наод во кој имаше некаква црна течност и нашиот Пере Тошев, покојниот, од музејот велеше дека тоа е афион кој им е потребен во свештеничките обреди, но ние заради ревносност го пративме тој дел во Бостон за година дена да ни кажат да, навистина, тоа било во делот на свештеничкиот обред на покојната и дека тој бил афион итн. Значи, ќе мора веднаш да се документира што е најдено.

Република Македонија може да биде археолошка мапа само во тој дел. Доколку археолозите не прават личен популизам, било кој да е, од било која политичка партија, работат на личниот, индивидуален популизам, туку работат за добробит на Република Македонија, тоа треба да се стави во книга почитувани дами и господа и уважени колеги пратеници. Треба да се стави во монографија, па кога ќе дојдат во делот на туризмот да знаат, кога ќе го видат Плаошник, Стоби, Хераклеја, да видат монографија од тоа, а не да видат мали и ситни публикации, туку да видат стручна детерминираност на десетина археолози кои за еден предмет направиле десетина труда и исклучиво во овој дел што деновиве излезе една многу голема книга за свештеничките погребувања, па да видите како нашите еминентни стручњаци ги цитираат таму во Словенија и ги преведуваат на пет јазика. Тоа е тоа што во овој закон сега многу доблесно се детерминира. Нема чување во фиоките, приватно јас го најдов предметот, тоа е мој, не, доколку јас не знам, јас ќе го предадам на стручниот и компетентен кој тоа ќе умее добро да го направи.

Во однос на меѓународните, да не задоцнам, гледам дека денеска ќе работиме до 15,00 часот, во однос на меѓународните субјекти, мислам дека, повторно велам, за да се обезбеди и добробит на националниот интерес, ќе можеме да вршиме и подобра контрола со одредени истражувања, бидејќи во тој дел ќе можеме да го имплицираме и буџетот за археолошкото ископување, значи дали ќе можат тие да бидат сведители или ќе бидат директни учесници во буџетот како меѓународни институции, значи ние претходно ќе мора да утврдиме дали се тоа регистрирани меѓународни институции од странство кои се занимаваат со археологија, а не се некоја криминогена невладина организација регистрирана на пример во некој од градовите во странство и дошла тука сега да го ископува Калето и тн. Ова се исто така и препораки. Препораките се земени и од легислативата особено од Хрватска и Словенија и од Конвенцијата од Лавалета, каде пак никаде не стои прецизна одредба каква треба да биде улогата на меѓународните истражувачи на археолошките локалитети.

Понатаму, кажав дека навистина за глобите е добро,но во сите други држави постојат и казнени одредби со казна затвор. За жал, навистина човек што ќе најде големо историско добро не може да заврши со три-четири илјади евра, тие веројатно - еве знам во Грција имаат од година до пет години па и до 10 години, сносат казна на 10 години затворска казна и тн.

Еве, јас ќе го тргнам во делот на археологијата, мислам дека овој закон е уреден во делот на законот на директивите кои ни ги дава Европската унија и од Европскиот Парламент и на Советот од 5 јуни 2001 година. Нам ни останува да направиме обид како држава, како Влада, она што го кажа и господинот Веле Митаноски, порано Катедрата Историја на уметноста и археологија, сега таа Катедра е многу поголема, е кренатa на многу поголемо ниво, да им овозможиме на студентите кои и те како се хирурзи на земјата, да им овозможиме како што тоа сега се прави на Кале и да ја пофалиме оваа Влада, да бидат директни учесници во ископувањата. Значи ако во моментот работеа 300 млади дипломирани археолози на Калето и беа директни учесници во ископувањата, мислам дека тоа треба да биде иднина на секој стручен раководител кој ќе ја добие таа дозвола. Значи тоа да не биде само ако биде правно лице Музејот, да бидат луѓето кои се вработени археолози во Музејот, туку навистина да ги побараме младите кадри, Катедрата за археологија, утре да имаме, бидејќи Македонија заслужува вистински амбасадори на подготвувањето на археолошката мапа на Македонија, која ќе биде ми се чини во иднина главниот адут на универзалниот европски културен јазик во светот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Еве, сосема на кратко, во голема мера давам поддршка на дискусијата на почитуваната колешка Валентина Божиновска, особено поддршка на казнените одредби. Јас тоа не го споменав, не го елаборирав тој дел. Навистина, оној што ќе направи, што ќе украде, изнесе, пренесе и злоупотреби предмет од археолошкото богатство или според новата терминологија, ншето национално благо, заслужува многу поголема казна отколку 2000 или 3000 евра и се согласувам, тука треба да има и казни затвор.

За што се јавив за збор? Се јавив за две работи. Имено, очигледно дека не се разбравме во некои нешта. Во постојниот Закон во членот 59 вели: “Во рок од една година на Управата да и ја предаде финалната документација од археолошките истражувања”, значи до сега имаше обврска да се предаде финалната документација во рок од една година. Овој закон е полиберален односно, ја намалува одговорноста, јас сум за поголема одговорност. Вели, во рок од една година да предаде примерок од документацијата од извршените археолошки истражувања. Значи, документација може да биде теренска и финална. Јас сепак сум на Управата археологот да има поголема одговорност, раководителот на издржувањата и треба да седне после истражувањата и да направи финална документација. Значи сметам дека сме на исто и токму поради тоа беше мојата реакција да има поголема одговорност и околу рекогносцирањата, тука не можам да се согласам. Јас сепак сум да остане старото решение, затоа што и не е добро дефинирано овде. Имено, ако погледаме на едно место каде што се дефинираат истражувањата стои дека рекогносцирање е препознавање на определен простор по пат на површински проспекти или контролни сондирања. Значи вели “или”, може едното или другото да биде. Не сум за контролните сондирања затоа што понатаму исто имаме една контрадиција со членот 59 каде што се интервенира во членот 55, каде што вели “што се подразбира под археолошки истражувања” и тука во самиот закон читам “археолошките прегледи на теренот се рекогносцирања и реамбулација”. ЗНачи контрадикторност во самиот закон имаме и потоа мислам дека може од несовесни истражувачи да биде злоупотребено ова “контролни сондирања” и затоа сакам тука јасно да го дефинираме тој поим и најдобронамерно упатувам до колегите за поддршка околу овој термин. Благоарам

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Јас сосема се согласувам, значи потполно исто сме говореле со госпоѓа Роза, особено како магистер по Методологија јас и се консултирав во делот на законот со неа. Значи исто мислам дека држењето на наодите, тие треба веднаш да бидат дадени. Значи тие можат да бидат документирани, но до колку не бидат диференцирани, прво тоа, документирани можат да се држат и до три години, до две години. Значи мора да постои една сериозност од страна на археологот. Јас мислам дека во тој дел, токму давањето на дозвола ќе значи дека благовремено тој уште веднаш треба да ги достави до Дирекцијата или до установата. До колку тоа не го направи, тој не знам дали по втор пат ќе има право да ја добие дозволата. Значи нема да значи само документираност, туку ќе значи и сериозна публикација, објава на книги и тн.

А во делот на она што значеше...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Почитувани колеги, денес завршуваме овде.

Продолжуваме со работа во понеделник во 10,30 часот.

(Седницата прекина во 15,00 часот)